**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

---

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
Градежништво и заштита на животната средина
број:11-306/4 од 02.12.2024год.
(постапка бр.61420)

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), ја издава следната:

**П О Т В Р Д А**
**За заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Е – инфраструктура (за дислокација на среднонапонски 10(20)KV електричен вод со планирање на трафостаница и водоводен цевковод) на делови од КП 2475. 2455/4, 2455/6, 411/2, 411/1 и КП бр.407 КО Прдејци, општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот ДПТУ ,,ЗОНЕКС-ЕЛ-КВ,, дооел Гевгелија преку ополномештен подносител на барање ДПГИ ,,Вектор-90,, дооел Струмица во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.61420) поднесе барање за одобрување на проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Е – инфраструктура (за дислокација на среднонапонски 10(20)KV електричен вод со планирање на трафостаница и водоводен цевковод) на делови од КП 2475. 2455/4, 2455/6, 411/2, 411/1 и КП бр.407 КО Прдејци, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Проектна програма со тех.бр.022-1204/2024 од октомври 2024год. изработена од ДПГИ ,,Вектор-90,, дооел Струмица ;
- Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат;
- Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y23224 од август 2024год. и Решение УП1-15-1550/2024 од 15.11.2024год. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање;

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледување на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри.

Истото го потврди со Предлог за одобрување со бр.11-306/3 од 28.11.2024год.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање(Службен весник на РМ, бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24).

Врз основа на тоа, се одобрува Проектната програма и на истата се врши заверка.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Андон Сарамандов,**

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2024.12.02 13:19:08 +01'00'